| 464990 | Други трансфери | 0 | 1,200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,200,000 |
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 147,157,000 | 290,000 | 38,780,000 | 103,568,000 | 0 | 0 | 142,638,000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **89,180,000** | **0** | **455,000** | **96,392,000** | **0** | **0** | 96,847,000 |
| **401** | **Основни плати** | **62,622,000** | **0** | **0** | **68,024,000** | **0** | **0** | **68,024,000** |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 57,871,000 | 0 | 0 | 62,762,000 | 0 | 0 | 62,762,000 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 4,541,000 | 0 | 0 | 5,040,000 | 0 | 0 | 5,040,000 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 210,000 | 0 | 0 | 222,000 | 0 | 0 | 222,000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **1,281,563,000** | **738,709,000** | **57,155,000** | **681,900,000** | **24,689,000** | **0** | **1,502,453,000** |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **24,333,000** | **0** | **0** | **26,368,000** | **0** | **0** | **26,368,000** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 16,315,000 | 0 | 0 | 17,704,000 | 0 | 0 | 17,704,000 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 6,524,000 | 0 | 0 | 7,063,000 | 0 | 0 | 7,063,000 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 438,000 | 0 | 0 | 471,000 | 0 | 0 | 471,000 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 1,056,000 | 0 | 0 | 1,130,000 | 0 | 0 | 1,130,000 |
| **404** | **Надоместоци** | **2,225,000** | **0** | **455,000** | **2,000,000** | **0** | **0** | **2,455,000** |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 1,800,000 | 0 | 0 | 2,000,000 | 0 | 0 | 2,000,000 |
| 404150 | Други надоместоци | 425,000 | 0 | 455,000 | 0 | 0 | 0 | 455,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **54,172,000** | **0** | **36,975,000** | **7,176,000** | **0** | **0** | 44,151,000 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **220,000** | **0** | **255,000** | **0** | **0** | **0** | **255,000** |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 40,000 | 0 | 25,000 | 0 | 0 | 0 | 25,000 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 0 | 0 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 60,000 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 70,000 | 0 | 70,000 | 0 | 0 | 0 | 70,000 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 100,000 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **9,189,000** | **0** | **4,370,000** | **4,570,000** | **0** | **0** | **8,940,000** |
| 421110 | Електрична енергија | 3,324,000 | 0 | 2,700,000 | 700,000 | 0 | 0 | 3,400,000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 900,000 | 0 | 650,000 | 250,000 | 0 | 0 | 900,000 |
| 421130 | Ѓубретарина | 550,000 | 0 | 380,000 | 120,000 | 0 | 0 | 500,000 |
| 421240 | Течни горива | 3,750,000 | 0 | 0 | 3,000,000 | 0 | 0 | 3,000,000 |
| 421290 | Други материјали за греење | 0 | 0 | 0 | 500,000 | 0 | 0 | 500,000 |
| 421310 | Пошта | 30,000 | 0 | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 20,000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 375,000 | 0 | 350,000 | 0 | 0 | 0 | 350,000 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 10,000 | 0 | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 10,000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 200,000 | 0 | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 50,000 | 0 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 60,000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **19,728,000** | **0** | **15,130,000** | **2,576,000** | **0** | **0** | **17,706,000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 70,000 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на враб | 80,000 | 0 | 80,000 | 0 | 0 | 0 | 80,000 |
| 423310 | Униформи | 460,000 | 0 | 250,000 | 0 | 0 | 0 | 250,000 |
| 423320 | Обувки | 320,000 | 0 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 60,000 |
| 423330 | Постелнина | 330,000 | 0 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 60,000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 17,155,000 | 0 | 13,000,000 | 2,576,000 | 0 | 0 | 15,576,000 |
| 423510 | Лекови | 3,000 | 0 | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 20,000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм<br>Категорија<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | 1,281,563,000 | 738,709,000 | 57,155,000 | 681,900,000 | 24,689,000 | 0 | 1,502,453,000 |
| 423590 | Други медицински материјали | 10,000 | 0 | 30,000 | 0 | 0 | 0 | 30,000 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 400,000 | 0 | 400,000 | 0 | 0 | 0 | 400,000 |
| 423620 | Училишни материјали | 150,000 | 0 | 180,000 | 0 | 0 | 0 | 180,000 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 100,000 | 0 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 150,000 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 200,000 | 0 | 120,000 | 0 | 0 | 0 | 120,000 |
| 423810 | Ситен инвентар | 100,000 | 0 | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| 423830 | Резервни делови | 50,000 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 423990 | Други материјали | 300,000 | 0 | 380,000 | 0 | 0 | 0 | 380,000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **3,070,000** | **0** | **3,650,000** | **0** | **0** | **0** | **3,650,000** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучува¼ә резервни дел | 500,000 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 424210 | Одржување на згради | 1,100,000 | 0 | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 2,000,000 |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 250,000 | 0 | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 300,000 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 100,000 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 424410 | Поправки и одржување на мебел | 30,000 | 0 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 60,000 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 400,000 | 0 | 380,000 | 0 | 0 | 0 | 380,000 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 20,000 | 0 | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 20,000 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 650,000 | 0 | 650,000 | 0 | 0 | 0 | 650,000 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 20,000 | 0 | 40,000 | 0 | 0 | 0 | 40,000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **1,115,000** | **0** | **1,090,000** | **30,000** | **0** | **0** | **1,120,000** |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 80,000 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 10,000 | 0 | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 10,000 |
| 425310 | Правни услуги | 50,000 | 0 | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 10,000 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 550,000 | 0 | 350,000 | 0 | 0 | 0 | 350,000 |
| 425720 | Услуги за развој на наставниот план и програма | 10,000 | 0 | 30,000 | 0 | 0 | 0 | 30,000 |
| 425750 | Услуги за вонучилишни образовни активности | 20,000 | 0 | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 20,000 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 30,000 | 0 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 60,000 |
| 425790 | Други образовни услуги | 10,000 | 0 | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 10,000 |
| 425910 | Преведувачи | 10,000 | 0 | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 10,000 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 130,000 | 0 | 180,000 | 0 | 0 | 0 | 180,000 |
| 425970 | Консултантски услуги | 10,000 | 0 | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 10,000 |
| 425980 | Надзор над одржување на изградбата | 50,000 | 0 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 150,000 |
| 425990 | Други договорни услуги | 155,000 | 0 | 150,000 | 30,000 | 0 | 0 | 180,000 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **350,000** | **0** | **480,000** | **0** | **0** | **0** | **480,000** |
| 426120 | Членарини во домашни организации | 20,000 | 0 | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 20,000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1,281,563,000 | 738,709,000 | 57,155,000 | 681,900,000 | 24,689,000 | 0 | 1,502,453,000 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 30,000 | 0 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 60,000 |
| 426310 | Семинари и конференции | 50,000 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 426410 | Објавување на огласи | 150,000 | 0 | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 100,000 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| **427** | **Привремени вработувања** | **20,500,000** | **0** | **12,000,000** | **0** | **0** | **0** | **12,000,000** |
| 427110 | Привремени вработувања | 20,500,000 | 0 | 12,000,000 | 0 | 0 | 0 | 12,000,000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **1,360,000** | **290,000** | **1,350,000** | **0** | **0** | **0** | 1,640,000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **1,360,000** | **290,000** | **1,350,000** | **0** | **0** | **0** | **1,640,000** |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 530,000 | 290,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 290,000 |
| 464990 | Други трансфери | 680,000 | 0 | 1,350,000 | 0 | 0 | 0 | 1,350,000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2,445,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | 0 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **1,200,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 350,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480150 | Купување на кујнска опрема | 250,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **486** | **Купување на возила** | **1,245,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 486110 | Купување на моторни возила | 1,245,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| V30 | СОЦИЈАЛНА ЗАшТИТА | 0 | 5,130,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,130,000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **130,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 130,000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **0** | **130,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **130,000** |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 130,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130,000 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **0** | **5,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 5,000,000 |
| **471** | **Социјални надоместоци** | **0** | **5,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5,000,000** |
| 471110 | Социјална парична помош | 0 | 3,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,000,000 |
| 471230 | Помош за новороденчиња | 0 | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,000,000 |
| VA0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 455,000 | 0 | 1,070,000 | 0 | 0 | 0 | 1,070,000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **455,000** | **0** | **1,070,000** | **0** | **0** | **0** | 1,070,000 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **0** | **0** | **400,000** | **0** | **0** | **0** | **400,000** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 480150 | Купување на кујнска опрема | 0 | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | 1,281,563,000 | 738,709,000 | 57,155,000 | 681,900,000 | 24,689,000 | 0 | 1,502,453,000 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 0 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 150,000 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 50,000 |
| **483** | **Купување на мебел** | **0** | **0** | **170,000** | **0** | **0** | **0** | **170,000** |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 0 | 0 | 170,000 | 0 | 0 | 0 | 170,000 |
| **486** | **Купување на возила** | **455,000** | **0** | **500,000** | **0** | **0** | **0** | **500,000** |
| 486110 | Купување на моторни возила | 455,000 | 0 | 500,000 | 0 | 0 | 0 | 500,000 |
| W00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 29,596,000 | 13,580,000 | 0 | 20,210,000 | 0 | 0 | 33,790,000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **28,260,000** | **12,060,000** | **0** | **20,210,000** | **0** | **0** | 32,270,000 |
| **401** | **Основни плати** | **17,448,000** | **6,152,000** | **0** | **13,865,000** | **0** | **0** | **20,017,000** |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | 16,040,000 | 5,327,000 | 0 | 12,707,000 | 0 | 0 | 18,034,000 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 1,408,000 | 465,000 | 0 | 1,158,000 | 0 | 0 | 1,623,000 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 360,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360,000 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **7,996,000** | **2,698,000** | **0** | **6,345,000** | **0** | **0** | **9,043,000** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 5,754,000 | 1,959,000 | 0 | 4,571,000 | 0 | 0 | 6,530,000 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 1,824,000 | 603,000 | 0 | 1,445,000 | 0 | 0 | 2,048,000 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 124,000 | 40,000 | 0 | 97,000 | 0 | 0 | 137,000 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 294,000 | 96,000 | 0 | 232,000 | 0 | 0 | 328,000 |
| **404** | **Надоместоци** | **2,816,000** | **3,210,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3,210,000** |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 1,155,000 | 1,215,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,215,000 |
| 404150 | Други надоместоци | 1,661,000 | 1,995,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,995,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1,336,000** | **1,520,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 1,520,000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **249,000** | **260,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **260,000** |
| 421220 | Дрва | 189,000 | 190,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190,000 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 60,000 | 70,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70,000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **396,000** | **300,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300,000** |
| 423310 | Униформи | 296,000 | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| 423990 | Други материјали | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **631,000** | **900,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **900,000** |
| 424190 | Поправки на други возила | 400,000 | 600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600,000 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 231,000 | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **60,000** | **60,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60,000** |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 60,000 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60,000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **1,281,563,000** | **738,709,000** | **57,155,000** | **681,900,000** | **24,689,000** | **0** | **1,502,453,000** |
| WA0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 550,000 | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **550,000** | **300,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 300,000 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **550,000** | **300,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300,000** |
| 480190 | Купување на друга опрема | 550,000 | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци за 2025 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....208/24), член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05 ........ 75/21), расправајќи по Програма за работа на Јавно претпријатие за комунални работи “Комуналец“ Кавадарци за 2025 година,,

Советот на Општина Кавадарци на 51-та седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на**
**Програма за работа на Јавно претпријатие за комунални работи “Комуналец“ Кавадарци за 2025 година**

**1.СЕ УСВОЈУВА** Програма за работа на Јавно претпријатие за комунални работи “Комуналец“ Кавадарци за 2025 година, со арх.бр. 02-1981/9 донесена на седница на Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи “Комуналец“ Кавадарци**,** одржана на ден 23.12.2024 година.

**2.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-6869/2 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**26.12.2024 година Претседател,**
**К а в а д а р ц и д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Финансов план за 2025 година на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучок за усвојување на Финансов план за 2025 година на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011/3 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**27.12.2024 година ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....208/24), член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05 ........ 75/21), расправајќи по Финансискиот План за 2025 година на Јавно претпријатие за комунални работи “Комуналец“ Кавадарци,

Советот на Општина Кавадарци на 51-та седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Финансискиот План за 2025 година на**
**Јавно претпријатие за комунални работи "Комуналец" Кавадарци**

**1.СЕ УСВОЈУВА** Финансискиот План за 2025 година на Јавно претпријатие за комунални работи "Комуналец" Кавадарци, со арх.бр.02-1981/7, донесен на седница на Управен одбор на Јавно претпријатие за комунални работи "Комуналец" Кавадарци, одржана на ден 23.12.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6869/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**26.12.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучок за усвојување на Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2025 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....208/24), член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05 ........ 75/21), расправајќи по Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2025 година,,

Советот на Општина Кавадарци на 51-та седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на**
**Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци**
**за 2025 година**

**1.СЕ УСВОЈУВА** Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2025 година, со арх.бр. 02-1981/10 донесена на седница на Управен одбор на Јавно претпријатие за комунални работи “Комуналец“ Кавадарци**,** одржана на ден 23.12.2024 година.

**2.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-6869/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**26.12.2024 година** **Претседател,**

**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Финансов план за 2025 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучок за усвојување на Финансов план за 2025 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011 /5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ" бр.275/19.....208/24), член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05 ........ 75/21), расправајќи по Финансискиот План за 2025 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци,

Советот на Општина Кавадарци на 51-та седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Финансискиот План за 2025 година на**
**МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци**

**1.СЕ УСВОЈУВА** Финансискиот План за 2025 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, со арх.бр.02-1981/8, донесен на седница на Управен одбор на Јавно претпријатие за комунални работи "Комуналец" Кавадарци, одржана на ден 23.12.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6869/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**26.12.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП ,,Комуналец,,Кавадарци,**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП ,,Комуналец,,Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011 /6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), 37-ц од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ“ бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....208/24), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 51-та седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во Јавно претпријатие за комунални работи “Комуналец“ Кавадарци**

**за 2025 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлука за утврдување на вредност на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во Јавно претпријатие за комунални работи “Комуналец“ Кавадарци за 2025 година, со арх.бр.02-2003/1 од 23.12.2024 година, донесена од Директорот на Јавно претпријатие за комунални работи “Комуналец“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6869/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**26.12.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП,, Комуналец,,Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП,, Комуналец,,Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011 /7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.Весник на РМ” бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....208/24), член 82 став 1 точка 31, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05.….75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 51-та седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука за**
**изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за комунални работи ,,Комуналец“ Кавадарци**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука со арх.бр.02-1981/5 за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за комунални работи ,,Комуналец “Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавното претпријатие за комунални работи ,,Комуналец “Кавадарци, на седница одржана на ден 23.12.2024 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-6869/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**26.12.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на**
**Изменување и дополнување на Годишен План за вработување за 2025 година на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен План за вработување за 2025 година на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Сл.Весник на РМ,, бр.27/14...198/18 и ,,Сл.Весник на РСМ,, бр. 143/19 и 208/24), член 11 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.275/19..... 208/24), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05…….75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 51-та седница, одржана на ден 26.12.2024 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на**
**Јавното претпријатие за комунални работи ,,Комуналец“ Кавадарци за 2025 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување во Јавното претпријатие за комунални работи ,,Комуналец“ Кавадарци за 2025 година, со арх.бр.01-2008/1 од 23.12.2024 година, донесен од Директорот на Јавното претпријатие за комунални работи ,,Комуналец“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“ .

**Бр.08-6869/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**26.12.2024 година** **Претседател,**

**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Одлука за давање на времено користење на движна ствар на ТППЕ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за давање согласност на Одлука за давање на времено користење на движна ствар на ТППЕ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09 –7011/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....208/24), и член 82 став 1 точка 31, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 51-та седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука за**
**давање на времено користење на движна ствар на Територијална противпожарна единица Кавадарци**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука со арх.бр.02-1981/4 за давање на времено користење на движна ствар на Територијална противпожарна единица Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавното претпријатие за комунални работи ,,Комуналец "Кавадарци, на седница одржана на ден 23.12.2024 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-6869/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**26.12.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за извршување на**
**Буџетот на Општина Кавадарци**
**за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011 /10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21, 203/22 и 76/24), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 17 в од Закон за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/24), одредбите на одредбите на Општиот Колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија бр.154/23“) и одредбите на Колективниот договор на Општина Кавадарци бр.09-5438/1 од 25.08.2022 година, Анекс бр.09-09-322/1 од 16.01.2023 година и Анекс бр.09-284/1 од 09.01.2024 година и член 154 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на на Општина Кавадарци на 51-та седница, одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
### за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година

**Член 1**

Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20%** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, буџетот на дотации или буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 3,2, а основицата на која се пресметува е просечна исплатена месечна плата по вработен за претходната година, согласно Државниот завод за статистика;
- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;
- вредноста на бодот на на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Кавадарци и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2025 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 60 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува согласно одредбите на одредбите на Колективниот договор на општина Кавадарци бр.09-5438/1 од 25.08.2022 година.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 – Разни трансфери.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши врз основа на фактура или фискална сметка чиј вкупен промет не надминува до 6.000,00 денари, почитувајќи ги одредбите од Законот за данокот на додадена вредност.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, Ѓ0 – Противпожарна заштита и К- култура, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, во случај на смрт на член на потесното семејство

(родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, односно во висина на помошта утврдена со соодветниот Грански колективен договор, а исплатата ќе се врши од Програма – ЕО – Општинска адинистрација 464990 –Други трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Колективниот договор на општина Кавадарци бр.09-5438/1 од 25.08.2022 година, Анекс бр.09-09-322/1 од 16.01.2023 година и Анекс бр.09-284/1 од 09.01.2024 година.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 25**

Буџетот на Општина Кавадарци се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Член 26**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци", а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

**Бр.08-6869/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**26.12.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во Општина Кавадарци за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во Општина Кавадарци за 2025 година донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011 /11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на на Општина Кавадарци на 51-та седница, одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници вработени во Општина Кавадарци за 2025 година**

**Член 1**

| партерно уредување на ул.Слога спој со ул.страшо Пинџур | |
| | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| | |
| **УЗ Браќа Досеви** | |
| | |
| ***1.Поплочување на улици и тротоари*** | |
| тротоар на ул. Дешка Тошева | |
| | |
| | |
| **вкупно** | **250,000** |
| | |
| **УЗ КИРО КРСТЕВ** | |
| | |
| ***1.Поплочување и реконструкција на улици и тротоари*** | |
| | |
| Изработка на пристапни скали на ул. Лазо Асијата | |
| | |
| ***2.Потпорни ѕидови*** - | - |
| ул. Калница - | |
| **вкупно** | **1,900,000** |
| | |
| **УЗ Задругар** | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| ***1.Поплочување на улици и тротоари*** | | |
| дел од тротоар на ул. Јован Планински | | |
| | | |
| | **вкупно** | **250,000** |
| | | |
| **УЗ Слога** | | |
| | | |
| ***1.Реконструкција и асфалтирање*** | | |
| ул. Мишо Шкартов -3 фаза | | |
| ул.Јованче Велков - 2 фаза | | |
| | | |
| | **вкупно** | **2,600,000** |
| | | |
| **УЗ Кула** | | |
| | | |
| **1.Поплочување на улици и тротоари** | | |
| ул. Ѓорѓи Соколов-предредување | | |
| | | |
| | **вкупно** | **250,000** |
| | | |
| | | |
| **УЗ Љубаш** | | |
| | | |
| ***1.Асфарлтирање и реконструкција на улици*** | | |
| | - | |
| бул. Вељко Влаховиќ спој со Западен Булевар- 2 ва фаза | - | |
| улици во ДУП бел камен | - | |
| | - | |
| | **вкупно** | **13,200,000** |
| | - | - |
| **Изработка и ревизија на проекти , надзор на комунална изградба, испитување на материјали, изработка на геодетски елаборати, изработка на елаборати за процена на недвижен имот** | | |

| | |
|---|---|
| **вкупно** | **9,000,000** |
| | |
| **РЕКАПИТУЛАР ПО УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ** | |
| | |
| **УЗ Ваташа** | **5,000,000** |
| **УЗ Глишиќ** | **3,000,000** |
| **УЗ Страшо Пинџур** | **6,200,000** |
| **УЗ БРАЌА ЏУНОВИ** | **1,000,000** |
| **УЗ Браќа Досеви** | **250,000** |
| **УЗ КИРО КРСТЕВ** | **1,900,000** |
| **УЗ Задругар** | **250,000** |
| **УЗ Слога** | **2,600,000** |
| **УЗ Кула** | **250,000** |
| **УЗ Љубаш** | **13,200,000** |
| **Изработка и ревизија на проекти , надзор на комунална изградба, испитување на материјали, изработка на геодетски елаборати, изработка на елаборати за процена на недвижен имот** | **9,000,000** |
| | |
| **Вкупно** | **42,650,000** |
| | |
| **Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води и водоснабдување** | |
| - | - |
| -Интервенции за фекална, атмосферска канализација и водоводна линија | 3,000,000 |
| | |
| **вкупно** | **3,000,000** |
| | |
| **Изградба на Јавни објекти** | |
| Реновирање на канцеларии во Општината | 3,500,000 |
| Тампонирање и санација на полски патишта | 2,000,000 |
| Реконструкција на улици со гранитни коцки и павер елементи поплочени површини | 2,000,000 |
| **вкупно** | **7,500,000** |

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| **Изградба во селски месни заедници** | |
| | |
| **с.Сопот** | |
| -атмосферска канализација | 3,000,000 |
| | |
| **вкупно** | **3,000,000** |
| - | - |
| **с.Марена** | |
| поплочување | 1,000,000 |
| | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| | |
| **с.Возарци** | |
| поплочување | 2,000,000 |
| | |
| **вкупно** | **2,000,000** |
| **с.Дреново** | |
| поплочување | 1,000,000 |
| | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| **Брушани** - | |
| поплочување - | 1,000,000 |
| - | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| **Голеш** | |
| бетонирање | 1,000,000 |
| | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| | |
| **Раец** - | |
| поплочување - | **500,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **500,000** |
| **Ресава** - | |

| | | |
|---|---|---|
| партерно уредување | - | **1,000,000** |
| | - | |
| | - | |
| | **вкупно** | **1,000,000** |
| **Бегниште** | - | |
| потпорни зидови | - | **2,000,000** |
| | - | |
| | - | |
| | **вкупно** | **2,000,000** |
| **Горна Бошава** | - | |
| **поплочување** | - | **500,000** |
| | - | |
| | - | |
| | **вкупно** | **500,000** |
| **Долна Бошава** | - | |
| **поплочување** | - | **500,000** |
| | - | |
| | - | |
| | **вкупно** | **500,000** |
| **Мајден** | - | |
| **поплочување** | - | **500,000** |
| | - | |
| | - | |
| | **вкупно** | **500,000** |
| | **се вкупно** | **14,000,000** |
| | - | - |
| **Локални патишта** | | |
| -Зимско одржување | | 3,000,000 |
| -Крпење на ударни дупки | | 3,000,000 |
| -Одржување на локални патишта | | 1,000,000 |
| | **вкупно** | **7,000,000** |
| | | |
| **ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР** | | |
| Изградба и реконструкција на улици и други објекти во урбани заедници | | **42,650,000** |

| | |
|---|---|
| Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води и водоснабдување | **3,000,000** |
| Изградба на Јавни објекти | **7,500,000** |
| Изградба и реконструкција на улици и други објекти во селски месни заедници | **14,000,000** |
| Локални патишта | **7,000,000** |
| | |
| **ВКУПНО** | **74,150,000** |

## VII. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО НАСЕЛБИ И ЗОНИ

Во текот на 2023 год. надоместокот за уредување на градежно земјиште во град Кавадарци ќе се наплатува согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенотг на уреденост ( сл. Весник на РМ бр,193/16, , 72/18, 16/22) и ова Програма.

(1)Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно правилникот (сл. Весник на РМ бр,193/16 , 72/18, 16/22), се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

1. **За станбени објекти:**
 - станбени простории, 1,0;
 - станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор 0,2;
 - лоѓија затворена од три страни, 0,4;
 - подлоѓија затворена од две страни, 0,3;
 - балкони, тераси, 0,2;
 - заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2;
 - помошни простории, остава за гориво, котлара, визба, 0,3;
 - трафостаница до 35 KW во објектот и надвор од објектот, 0,3;
 - скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3;
 - стражарници, управител, простории за домар, 0,5 и
 - паркиралишта и гаражи, 0,1;.
2. **За деловни и јавни објекти:**
 - простории, 1,0;
 - магацини, 0,5;
 - помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3;
 - трафостаница до 35KW во објектот и надвор од објектот, 0,4;

- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5;
- паркиралишта и гаражи, 0,1;
- лоѓија затворена од три страни, 0,5;
- подлоѓија затворена од две страни, 0,4;
- балкони, тераси, 0,3 и
- отворен наткриен простор, 0,3;

**3. За други објекти:**

- катни гаражи, 0,05;
- спортски покриени објекти, 0,5;
- спортски откриени објекти, 0,3;
- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0;
- отворени пазаришта-за 30% од површината на локацијата, 1,0;
- базени, 0,2 и
- трафостаници над 35KW, 1,0;

4**. За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси:**

- Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05;
- Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,01;
- Г3 сервиси, 0,01 и
- Г4 стоваришта, 0,01;

**5. За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории) :**

- продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0 и
- услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0;

**6. За објектите од група на класи на намени Б 5**

- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А 4 - хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:

- сите простории, 0,05;

**7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица: - сите простории**, 0,05;

**8. За објекти за високо образование**:

- сите простории, 0,5;

**9.За објекти за култура:**

- сите простории, 0,01 и

**10. За објекти за терцијална здравствена заштита:**

- сите простории, 0,05.

**11. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори ( биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија),** 0,01

**12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела,** 0,01

(2)По исклучок од став (1) на овој член, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:

- инсталационите канали;
- окната за лифтови;
- окна на врати;
- отворени паркиралишта;
- подземни резервоари и
- објекти заштитени како културно наследство.

(3) За објектите од став (1) на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член и за други објекти од став (1) на овој член без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

(4) За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член.

(5) За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4 од овој член.

(6) За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, советот на општината во градот Скопје односно советот на градот Скопје согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, општината во градот Скопје односно градот Скопје, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во случаите од горенаведениот став, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

Во случај кога површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект (запишан во имотен лист) што ке се руши, тогаш инвеститорот не плаќа комунален надоместок, а

може да се приклучи на постојните комунални приклучоци со веќе одреден капацитет (водовод, канализација).

Во случај на доградба и надградба на постоечки објект, каде корисната површина се зголемува, доколку инвеститорот бара да биде приклучен на нов комунален приклучок со зголемен капацитет ( поголем капацитет на водовод или канализација), инвеститорот го плаќа реалниот трошок за проектирање и изведување на било кој комунален приклучок.

Во случај на пренамена или адаптација од јавен или деловен простор во станбен, не се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште.

Во случај кога инвеститорот кој врши пренамена на веќе изградениот простор од станбен во деловен ќе плати надоместок во износ на разликата помеѓу поранешната намена на просторот и пресметковната вредност на новата намена, по цена која важи во моментот на пресметката.

Табела за утврување надоместок за уредување на градежно земјиште по м2 корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверената проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето, во зависност од зоната на градење.

| ЗОНИ | Единечни цени по намена на објекти | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Станбени објекти- намена А1 | Станбени објекти – намена А2 | Деловни и јавни | Други објекти | Објекти со намена Г (Г1, Г2,Г3,Г4) | Бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини | За објектите од група на класа на намени Б 5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намена А4- хотел,мотел, планинарски дом и ловен дом |
| I | 1870 | 2430 | 2.500 | 2.500 | 12.111* | 2.500 | 2.500* |
| II | 940 | | 1.250 | 1.250 | | | 2.500* |

**Напомена:*

*За објектите од група на класа на намена Г- единечната цена по м2 изнесува 12.111 *0,01= 121.11 ден, односно 121.0 ден.*

*За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намена А4-хотел,мотел, планинарски дом и ловен дом, единечната цена по м2 изнесува, за зона 1 и 2 – 2,500*0,05=125 ден..*

| ЗОНИ | Единечни цени по намена на објекти | | | |
|---|---|---|---|---|
| | За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица: | За објекти за високо образование | За објекти за култура | За објекти за терцијална здравствена заштита |
| I<br>II | 13000*0,05=650 | 3.260*0,5=1.630 | 13000*0,01=130 | 13000*0,05=650 |

| ЗОНИ | Единечни цени по намена на објекти | | |
|---|---|---|---|
| | За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори ( биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) | За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела | За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница |
| I<br>II | 12.111ден** | 8.074ден *** | 1.200.000 ден |

**Напомена:*

***За објектите од група на класа на намена Е (*За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори ( биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија)

*- единечната цена по м2 изнесува 12.111 *0,01= 121,11ден./м2, односно 121ден/м2 од корисна површина*

**** За објектите од група на класа на намена Е (*За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели)), за 50% од површината на градежната парцела

*- единечната цена по м2 изнесува 8074*0,01= 80,74ден./м2 , односно 81 ден/м2 за 50% од површината на градежната парцела*

Со исклучок на видовите градби прикажани во погорните табели, за поставување на фотонапонски електроцентрали кои се поставуваат на објекти не се наплаќа надомест за уредување на градежно земјиште, бидејќи истиот не се предвидува во Правилникот за степеност на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од стеменот на уреденост (сл весник бр.193/16, 72/18, 16/22)

**ЗОНА I** - Во оваа зона влегува целокупното градежно земјиште кое се наоѓа во опфат на Генерален Урбанистички План донесен со одлука бр.08-2790/1 од 30.05.2019 год.

**ЗОНА II –** Го опфаќа целокупното земјиште кое е надвор од опфат на ГУП со сите селски населби на територијата на општина Кавадарци, а кое е дефинирано со Урбанистички план за село или Општ акт за село.

Со исклучок на ЗОНА I и ЗОНАII надоместокот за уредување на градежното земјиште за објекти кои се со основна намена А и Б и се надвор од ГУП, надвор од УПС или надвор од Општ акт за село, а се уредени со Урбанистички планови, Урбанистичко планска документација или Урбанистички проекти, ќе се пресметуваат со коефициент 1.0 од единечната цена за надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Во табела 1 и 2 се прикажани соодветните проценти за степен на уреденост на градежното земјиште при пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште.

**Табела 1**

За објекти до 1000 $м^2$

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места | 8,80 % |
| 2. | Изградба на улици<br>-експропријација<br>-пробивање<br>-изградба на горен и долен строј | <br>15,6 %<br>10 %<br>28,6 % |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 9,5 % |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 7,5 % |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа | 9,0 % |
| 6. | Изградба на ниско напонска мрежа за улично осветлување | 7,5 % |
| 7. | Останати трошоци (тех. документација, надзор и сл. | 3,5 % |

- **Табела 2**

За објекти над 1000 $м^2$

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места | 8,8 % |
| 2. | Изградба на улици<br>-експропријација<br>-пробивање<br>-изградба на горен и долен строј | <br>15,6 %<br>10 %<br>28,6 % |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 10,5 % |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 8,0 % |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа | 10 % |
| 6. | Изградба на ниско напонска мрежа за улично осветлување | 7,5 % |
| 7. | Останати трошоци (тех. документација, надзор и сл. | 1,0 % |

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 100% од надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплатува за 100% степен на уреденост на градежното земјиште, освен во случај кога инвеститорот ќе достави проектна документација за подземна инфраструктира (водовод и канализација) одобрена од Општина Кавадарци, тогаш ќе се одбие од вкупната сума за комуналии соодветниот процент прикажан во горенаведените табели со предходен записник од страна на Општина Кавадарци за степенот на уреденост.

Корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди Согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во Општината.

За користење на постоечката инфраструктура – објекти, постројки, инсталации и друг имот во сопственост на општината и за поставување на нови столбови за дистрибуција на ТВ сигнали, корисникот – концесионер се обврзува со плаќање на годишен надоместок во висина што ќе се регулира со склучен Договор.

Заинтересираниот правен субјект за остварување на правото на користење на постоечка инфраструктура и за поставување нови столбови за дистрибуција на ТВ сигнали, доставува Барање до Секторот за комунално уредување со приложена проектна документација заради добивање на Согласност.

## VIII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

За висината и начинот на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште во писмена форма, директно помеѓу инвеститорот од една страна и Општината од друга страна, по заверката на основниот проект со која се потврдува дека основниот проект е изработен

во согласност со прописите за проектирање, урбанистичкиот план или урбанистичко - планската документација или проектот за инфраструктура, а во случаите од членот 59-ѕ став (1) од Законот за градење дека со основниот проект не се нарушуваат стандардите и нормативите за објектите со намена домување во станбени куќи (А1) по однос на дозволената височина (катови и метри) и бројот на станбени единици, кои се утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и по доставување на пресметка за надоместок за уредување на градежно земјиште .

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Кавадарци и во меѓувреме се поништени решенија за услови за градба, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето, за истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ – дека во претходниот период документацијата му била поништена.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, но најмногу на 12 месечни рати и учество од 50% од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат “прагови” врзани во зависност од принципот на одложено плаќање кои се формирани на следниот начин:

*За вкупен износ на надоместокот до 32.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договор во целост.

*За вкупен износ на надоместокот од 32.000,00 до 96.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

*За вкупен износ на надоместокот над 96.000,00 денари надоместокот за уредувње на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

По барање на Инвеститорите до Општина Кавадарци, може да се склучи правно дело - договор за уредување на начинот на плаќање на надоместокот за уредување на граджно земјиште и заемните односи, врз основа на доставен извод од урбанистички план.

За секое поединечно барање задолжително е произнесување од страна на советот на општина Кавадарци и донесување на одлука за давање на согласност за склучување на договор за уредување на начинот на плаќање на надоместокот за уредување на граджно земјиште и заемните односи.

***- Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува со попуст од 10% само за основни класи на намена А и Б од вкупниот надомест ако уплатата на средствата се изврши веднаш по склучување на Договорот и во целиот износ.***

## IX. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од постоечките правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства.

**X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр.08-6869/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**26.12.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изградба,реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Програма за изградба,реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2025 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –7011 /20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 точка 4од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02„ Сл.весник на РСМ„ бр.202/2024), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05, 8/05, 14/10, 24/10 ,38/19, 64/20,75/21),

Советот на на Општина Кавадарци на 51-та седница, одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2025година**

**Вовед**

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во општина Кавадарци за 2025 година опфатено е тековното одржување на локалните улици и патишта, крпење на ударни дупки и одржување на улици во зимски услови , со што значително ќе се подобри состојбата и квалитетот на сообраќајниците, а со тоа и безбедноста на корисниците на сообраќајот.

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2025 година, содржи:

**ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА**

1. Зимско одржување
   Вкупна вредност 3.000.000 ден.
2. Крпење на ударни дупки
   Вкупна вредност 3.000.000 ден.
3. Одржување на локални
   Патишта 1.000.000 ден.

**Вкупно: 7.000.000 ден**

**Финансирање**

Оваа Програма ќе се финансира од приходи од Јавното претпријатие за државни патишта, од кое секоја година добиваме 7.000.000 денари.

1. Средства доделени од ЈПДП
   со намена за изградба, реконструкција
   на локални патишта и улици
   - крпење на ударни дупки 3.000.000 ден. 42,86 %

2. Средства доделени од ЈПДП за
   одржување и заштита на лок.патишта

и улици 4.000.000 ден. 57,14 %

Со средствата доделени од ЈПДП за одржување на градските улици и заштита локални патишта на подрачјето на Општина Кавадарци како и за изградба на нови улици во висина од 7.000.000 денари или 100 % од вкупно доделените средства се финансира тековното одржување.

Динамиката на извршување и реализацијата на работите ќе зависи од приливот на средствата и

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште.

Програмата влегува во сила (8) осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6869/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**26.12.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Програма за работа во областа на располагањето соградежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2025 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 26.12.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09 –7011 /21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**27.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ бр.5/02“ ,, Сл.Весник на РСМ,, бр.202/2024), а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште (“Сл.Весник на РМ бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и Сл.Весник на РСМ бр. 275/19, 224/24, 233/24“), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Весник на РМ бр.8/2005...75/21,

Советот на на Општина Кавадарци на 51-та седница, одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

## Вовед

**Општ дел**

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште (“Сл.Весник на РМ бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и Сл.Весник на РСМ бр.275/2019, 224/24, 233/24“), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште едејност од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено.

Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела на јавен пат, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација, соприклучоци до градежна парцела.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Градежната парцела може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализација на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив неможе да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај) подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации предвидени со проект за инфраструктура.

Прометот на градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост и на него да се востановат други стварни права.

**А. Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Кавадарци, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2025 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Кавадарци.

Со оваа програма се опфатени следниве локалитети:

1. ДУП за УЕ “Рајко Жинзифов“ 2001-2006 Кавадарци ,
2. ДУП за “Коњски дупки“2014-2019 Галишка,
3. УПВНМ за повеќенаменски комплекс м.в.“Куманова глава“ КО Конопиште Кавадарци2012-2022,
4. ДУП за УЕ 5, Блок 5.1 ,,Нова Градинка“, КО Кавадарци град, 2020-2025,
5. Општ акт за населено место Чемерско – Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели за КП бр.694/1 КО Чемерско со намена А3 – групно домување и В1 – образование и наука,
6. ДУП за дел од УЕ5, Блок 5.10 “Цветан Димов“ КО Кавадарци град 2018-2023,
7. ДУП за локалитет “Парк“ 2006 г. Кавадарци
8. ДУП за УБ “Крсте Мисирков“ 2004-2009 – Кавадарци
9. ДУП за дел од УБ 10К “Опитно поле 2“ измена и дополна 2009-2014
10. Измена и дополнувања на ДУП за локалитет “Народна Младина“ Кавадарци
11. ДУП за УБ “Трибор“ 2004-2009 Кавадарци

12. Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко 2019-2029
13. ЛУПД за уредување на просторот со намена А1 – домување во станбени куќи на: КП 2243-дел, КП 2244, КП 2245-дел, КП 2246/1-дел, КП 2246/2, КП 2247-дел, КП 2248, КП 2249-дел, КП 2250, КП 2251/1, КП 2251/2, КП 2252-дел, КП 2253-дел, КП 2255, КО Ваташа, Општина Кавадарци,
14. ДУП за дел од УБ 2К-25 МАЈ, КО Кавадарци (2011-2016).

**В. Основи за изработка на Програмата**

**- Законски основ**

Законски основ на Програмата за управување со градежно земјиште се: Закон за локална самоуправа член 36 став 1 (“Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002), член 99 Закон за градежно земјиште (“Сл.Весник на РМ бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и Сл.Весник на РСМ бр.275/19, 224/24, 233/24“) и член 82 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавадарци бр.08/05“).

**-Основни плански документи**

Други документи кои се користени за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

-Програма за развој на општина Кавадарци,

-Генерален урбанистички план на град Кавадарци за плански период 2016-2026 година,

-Детални урбанистички планови за населени места,

-Програма за изработка на урбанистички планови за 2024 година,

-Други стратешки документи.

**V. Лица вклучени во изработка на Програмата**

-Елена Тасевски- дипл.град.инг. – раководител на сектор за уредување и располагање со градежно земјиште.

-Гордана Тодороска – Сокаровска- дипл.прав.-раководител на одделение за располагање со градежно земјиште,

-Даниел Делов – дипл.прав.- советник за располагање со градежно земјиште,

-Ѓоко Камчев – дипл.прав. – советник за правни работи.

**I. Цели на Програмата**

**- Општи цели на Програмата**

Обезбедување услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети.

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

**II. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

-Графички прилог со обележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено мест/локалитет, идентификувани со број на градежни парцели,

-Детален преглед на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање по населено место и по урбанистички план.

## 1.ДУП за УЕ “Рајко Жинзифов“ 2001-2006 Кавадарци

| | Број на градежна парцела | Вкупна површина во м2 | Намена на земјиште (основна класа) | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развина површина | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДУП за УЕ “ Рајко Жинзифов“ 2001-2006 | **20.11** | 546 | А - домување | А1- индивидуално домување | КП бр. 12139/4 | 192 | 480 | 35 | 0,88 | 8,70 | / | 61,00 | 33.306,00 |
| | **20.12** | 572 | А - домување | А1- индивидуално домување | КП бр.12139/3 | 224 | 560 | 39 | 0,99 | 8,70 | / | 61,00 | 34.892,00 |
| | **20.15** | 620 | А - домување | А1- индивидуално домување | КП бр.12139/2, дел од КП бр.12135/1 | 224 | 560 | 36 | 0,90 | 8,70 | / | 61,00 | 37.820,00 |
| | **3.26** | 234 | А- домување | А1- индивидуално домување | КП бр.12347 и дел од КП бр.12350 | 86 | 172 | 37 | 0,74 | 7,20 | / | 61,00 | 14.274,00 |
| | **6.14** | 440 | А- домување | А1- индивидуално домување | Дел од КП бр.12141 и дел од КП бр.12144/1 | 180 | 450 | 45 | 1.14 | 8,70 | / | 61,00 | 26.840,00 |
| | **6.15** | 360 | А- домување | А1- индивидуално домување | Дел од КП бр.12141 и дел од КП бр.12144/1 | 144 | 360 | 42 | 0.91 | 8,70 | / | 61,00 | 21.960,00 |
| | **20.27** | 400 | А- домување | А1- индивидуално домување | Дел од КП бр.10136/2 | 160 | 400 | 40 | 1.00 | 8,70 | / | 61,00 | 24.400,00 |
| | **20.28** | 408 | А- домување | А1- индивидуално домување | Дел од КП бр.10136/2 | 160 | 400 | 39 | 0.98 | 8,70 | / | 61,00 | 24.888,00 |
| | **21.7** | 541 | А- домување | А1- индивидуално домување | Дел од КП бр.12140 | 180 | 450 | 38 | 0.95 | 8,70 | / | 61,00 | 33.001,00 |
| | **21.8** | 463 | А- домување | А1- индивидуално домување | Дел од КП бр.12140 и КП бр.5587/2 | 180 | 450 | 39 | 0.98 | 8,70 | / | 61,00 | 28.243,00 |
| | **21.9** | 397 | А- домување | А1- индивидуално домување | Дел од КП бр.12140 | 160 | 400 | 40 | 1.00 | 8,70 | / | 61,00 | 24.217,00 |
| | **21.10** | 445 | А- домување | А1- индивидуално домување | Дел од КП бр.12140 и дел од КП бр.12135/1 | 160 | 400 | 40 | 1.00 | 8,70 | / | 61,00 | 27.145,00 |
| | **41.29** | 576 | А- домување | А1- индивидуално домување | КП бр.1755 | 196 | 490 | 34 | 0.85 | 8,70 | / | 61,00 | 35.136,00 |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **366.122,оо** |

## 2.ДУП за “Коњски дупки“2014-2019 Галишка,

| ДУП за " Коњски дупки" 2014-2019 Галишка | Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **5.15К** | А1- индивидуално домување | П+2+Пк | Дел од КП 14310/3, дел од КП 16537/1 | 10.2 | 246 | 141 | 564 | 2.29 | 57% | 61,оо | 15.006,оо |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | **15.006,оо** |

## 3.УПВНМ за повеќенаменски комплекс м.в."Куманова глава" КО Конопиште Кавадарци2012-2022

| УПВНМ за повеќенаменски комплекс м.в." Куманова глава" КО Конопиште Кавадарци2012-2022 | Број на градежна парцела | Основнакласанамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2.1** | Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија | Б1,Д2, Г4 | П | КП бр.: 675/1, 675/2, 676, 684, 685/1, 685/2, 678, 679, 680, 681/1, дел од 682/1 и дел од 683 | 4.20 | 18744 | 9372 | 9372 | 0.42 | 42 | **61,оо** | **1.143.384,оо** |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **1.143.384,оо** |

## 4. ДУП за УЕ 5, Блок 5.1 ,,Нова Градинка", КО Кавадарци град, 2020-2025

| Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.1.1** | В2 – објекти за социјална заштита (детска градина) | А3, Б5, Б1, Д3, Б4 (40% од В2) Мах.40% | П+1 | Дел од КП бр. 10133/1 | 9,00 | 4541,5 | 2475 | 4950 | 1.1 | 54 | 350,оо | 1.589.525,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **1.589.525,оо** |

## 5. Општ акт за населено место Чемерско – Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели за КП бр.694/1 КО Чемерско со намена А3 – групно домување и В1 – образование и наука

| Број на градежна парцела | Основнакласанамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1** | А3 – групно домување | Б1, Б2, В1, В2, В3, Д3 (20%) | П+2 | КП бр. 694/3 | 10.20 | 1553,08 | 807,10 | 2421,3 | 1.55 | 51,96% | 61,оо | 94.737,88 |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **94.737,88** |

## 6.ДУП за дел од УЕ5, Блок 5.10 “Цветан Димов“ КО Кавадарци град 2018-2023

| Број на градежна парцела | Основнакласанамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.10.25** | А2 – домување во колективни згради | Б1,Б2,Б4, В3 | П+П4+Пк | Дел од КП бр.10885/2 | 17.20 | 898 | 485 | 2910 | 3.2 | 54% | 1380,оо | 1.239.240,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **1.239.240,оо** |

## 7.ДУП за локалитет “Парк“ 2006 г. Кавадарци

| Број на градежна парцела | Основнакласанамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **16.3** | А1 – индивидуално домување | / | П+2 | Дел од КП бр.12465/1 | 9.0 | 520 | 220 | 660 | 1.26 | 42% | 61,оо | 31.720,оо |
| **16.7** | А1 – индивидуално домување | / | П+2 | Дел од КП бр.12465/1 | 9.0 | 310 | 108 | 324 | 1.04 | 34% | 61,оо | 18.910,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **50.630,оо** |

## 8. ДУП за УБ “Крсте Мисирков“ 2004-2009 – Кавадарци

| Број на градежна парцела | Основнакласанамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ј.207** | А1 – индивидуално домување | / | / | КП бр.14794/2 КП бр.14802/3 | 7.5 | 374 | 129 | 258 | 0.69 | 34.49% | 61,оо | 22.814,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **22.814,оо** |

## 9.ДУП за дел од УБ 10К "Опитно поле 2" измена и дополна 2009-2014

| Број на градежна парцела | Основнакласанамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **48** | А1 – индивидуално домување | / | П+2 | КП бр.10503 | 9.5 | 386 | 129 | 387 | 1.00 | 33% | 61,оо | 23.546,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **23.546,оо** |

## 10.Измена и дополнувања на ДУП за локалитет "Народна Младина" Кавадарци

| Број на градежна парцела | Основнакласанамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.6** | А1 – индивидуално домување | / | / | КП бр.11063 и КП бр.11046/2 | 9.0 | 271 | 122 | 275 | 0.71 | 45% | 61,оо | 16.531,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **16.531,оо** |

## 11.ДУП за УБ "Трибор" 2004-2009 Кавадарци

| Број на градежна парцела | Основнакласанамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.5** | А1 – индивидуално домување | / | / | Дел од КП бр.3954 | 8.70 | 368 | 170 | 357 | 1.0 | 46% | 61,оо | 22.448,оо |
| **6.9** | А1 – индивидуално домување | / | / | Дел од КП бр.3954 | 8.70 | 320 | 135 | 284 | 0.9 | 42% | 61,оо | 19.520,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **41.968,оо** |

## 12.Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко 2019-2029 г.

| Број на градежна парцела | Основнакласанамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.4** | Б1 – мали комерцијални и деловни намени | А1, А3, Б4 | П+1 | КП бр.804 и дел од КПбр.798/1 | 7.20 | 575,9 | 185 | 554 | 1.00 | 32% | 800,оо | 460.720,оо |
| **9.2** | А1 – индивидуално домување | Б1,В1,В2, Д3 | П+2+Пк | Дел од КП бр.267/1 | 10.20 | 2734,2 | 1613 | 6452 | 2.4 | 59 | 61,оо | 166.786,2 |
| **8.1** | Г2 – лесна и незагадувачка индустрија | Б1,Б2, Д2,Д3, Д4, Г3,Г4, Б4,В2 | П+2 | КП бр.276 и дел КП бр.1494 | Во зависност од технолошкиот процес | 2558,3 | 1665 | 4996 | 2.0 | 65 | 61,оо | 156.056,3 |
| **8.4** | Г2 – лесна и незагадувачкаиндустрија | Б1,Б2, Д2,Д3, Д4, Г3,Г4, Б4,В2 | П+2 | дел КП бр.267/1 | Возависностодтехнолошкиотпроцес | 764,3 | 288 | 863 | 1.1 | 38 | 61,оо | 46.622,3 |
| **8.5** | Г2 – лесна и незагадувачкаиндустрија | Б1,Б2, Д2,Д3, Д4, Г3,Г4, Б4,В2 | П+2 | КПбр.267/2 | Возависностодтехнолошкиотпроцес | 612,6 | 154 | 463 | 0.8 | 25 | 61,оо | 37.368,6 |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **867.553,4** |

**13. ЛУПД за уредување на просторот со намена А1 – домување во станбени куќи на:КП 2243-дел, КП 2244, КП 2245-дел, КП 2246/1-дел, КП 2246/2, КП 2247-дел, КП 2248, КП 2249-дел, КП 2250, КП 2251/1, КП 2251/2, КП 2252-дел, КП 2253-дел, КП 2255, КО Ваташа, Општина Кавадарци,**

| Број на градежна парцела | Основнакласананамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
